**Форум за правата на Ромите ,,А Р К А,,**

# *ГОДИШНА ПРОГРАМА*

**(2010 год.)**

**Октомври, 2009 Куманово**

# ***<u>Годишна Програма за 2010</u>***

## I Вовед

### 1. Процес на планирање

Форум за правата на Ромите АРКА својот последен стратешки план го изработи во 2004 год.Оттогаш, во рамки на организациските активности, АРКА имплементираше многу нови и различни проектни активности од област на човековите права, што покажа потреба од воспоставување нов стратешки план, според кој АРКА ќе работи на своја програмска и организациска определба во наредниот период.

На 8-10 ноември, 2007 год. Во Охрид се оддржа работилница за стратешко планирање на АРКА. Фасцилитатор на обуката беше Г-ѓа.Ненси Вилсон, Доброволец на Американски Мировен Корпус во Македонија, со 12 годишно искуство во област на менаџирање со проектни активности .Учесници на семинарот беа сите членови на организацијата (раководството и персона лот) , членови на советодавниот борд на проектите на АРКА како И самите корисници на проектните услуги на организацијата. Обуката траеше 2,5 дена организирана во 8 сесии со активно учество (во работни групи) во трасирање на нова стратешка насока до 2010 год.

Цел за воспоставување на стратешкиот план е :

- Јасно дефинирање на организациската цел: :Зошто постои АРКА,која е насоката по која се движи, како да ја достигне И оствари целта, односно која е нејзината МИСИЈА?
- Да се зајакне организацискиот капацитет преку планирање;
- Да се дефинира **<u>каде</u>** оди организацијата (Визија, Мисија, Цели), како ќе стаса до нив (Подцели, Акционен план) и дали стасала до таму или не (евалуација)
- Да соработуваат сите заедно и остварат консензус во работењето;
- Да се воспостават целите и задачите во согласност со побарувањата од различните донатори;
- Постојат многу нивоа при разработка на стратешкиот план - индивидуално, организациско, ниво на заедницата, проекти....
- Има цели врз база на стратешко планирање како И проблеми врз база на стратешкиот план.
- Процесот на планирање е поважен од излезните резултати (веќе знаете кои се потребите на стратешкиот план)
- Организациите се водат од побарувањата на проектот а не од сопствената мисија-што им создава неоддржливост!

Подолу (сл.1) е прикажан моделот според кој АРКА го изработи својот стратешки план за период 2008-2010 год. Овој план е едногласно усвоен на состанокот на Бордот на организацијата на 30.11. 2007 год.

**МОДЕЛ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ**




**Сл.1 Модел за стратешко планирање**

## *1.2 Фокус на организација*

- Да се справува со промените -внатрешни и надворешни
- Децентрализација
- Развој на пазарна економија
- Јакнење на демократските институции
- Јакнење на граѓанско општество-инволвирање на други во донесување одлуки и планирање.
- Развој на меѓуетницки односи

Врз база на воспоставениот стратешки план на организацијата за период 2008-2010 год. (определени: Мисија, Визија, Цели/подцели, задачи и акциони планови за реализација на активностите), АРКА на 01 Ноември  оддржа еднодневна

работилница за креирање на годишен план на организацијата за 2010год.Работилницата се одржа во Куманово, со активно учество на сите членови од организацијата како и претставници од Извршен борд .Преку работење во групи, соработка и размена на искуства и вештини произлезе годишниот план на АРКА за следната, 2010 година.

## II За АРКА

### 2. Информации за организацијата

2. 1 Лична карта на организацијата

| | |
|---|---|
| **Име на организацијата :** | Форум за права на Ромите АРКА |
| **Акроним :** | АРКА |
| **Националност:** | Македонија |
| **Законски статус:** | Невладина организација |
| **Адреса:** | ул.Караорман бр.6 |
| **Поштенски бр:** | 1 300 Куманово |
| **Телефон:** | +389(0)31 421 362 |
| **Факс:** | +389(0)31 421 362 |
| **E-mail на организацијата:** | E-mail: arka@arka.org.mk |
| **Website на организацијата:** | Web- site: www.arka.org.mk |
| **Лице за контакт:** | Феат Камберовски-Извршен Директор |
| **E-mail на лице за контакт:** | E-mail: fkamberovski@arka.org.mk |

### 2.2 Тип на организација

АРКА е невладина, непартиска и непрофитна организација регистрирана во Регистер на Здруженија на граѓани и фондации во Основен суд,Куманово.Основна цел на организацијата е промоција и заштита на: граѓански, политички, економски, социјални и културни права на Ромите и другите етнички малцински групи како и промоција и зајакнување на мултиетнички врски.ФПР АРКА има свои канцеларии во Куманово и Скопје и активни ограноци во Крива Паланка и Кратово.

### 2.3 Вмрежување

АРКА е член на бројни национални и меѓународни мрежи , како што се:
Правна мрежа на УНХЦР
Македонска мрежа на НВОи
Балканска мрежа од правни организации
РНВО-Мрежа од Ромски НВОи во Македонија
Мрежа на Проектот за Поддршка на Човекови Права (5 НВОи) - на национално ниво
Коалиција *Сите за фер судење*-национална

**2.4 Законска регистрација**

АРКА е законски регистрирана организација во Регистер за Здруженија на граѓани и фондации во Основен суд во Куманово под бр.ЗГ 2/98.

**2.5 Поле на делување**

а) АРКА, како организација за човекови права, беше формирана во 1998 година од група Роми од Куманово.Оваа група Роми исфрустрирани поради нивниот пристап до политичките институции и пристапот до сите јавни настани во државава, како и постојаното побивање на нивните основни човекови права , отпочнаа да бараат нова стратегија за да предизвикаат извесни промени на тоа поле. Тие формираа и регистрираа невладина организација со надеж дека конечно ќе добијат право на глас и ќе можат да го видат сопствениот напредок и да направат разлика. Иницијален мандат на организацијата беше промоција и заштита на граѓански, политички, економски, социјални и културни права на Ромите. Подоцна, се прошири и на другите етнички малцински групи и на бегалци, преку промоција и зајакнување на мултиетнички врски. АРКА во првата година од своето постоење работеше без финансирање, со самоиницијативно волонтерско залагање. Нејзиниот прв финансиски поддржан проект е од 1999 год. фокусиран врз бегалци, пребегани од воената криза на Косово. Од тој период, организацијата отпочна да работи со бегалци, лица без државјанства, лица со посебни потреби, со невработените како и со младинци од сите етнички групации.

Низ сите овие изминати 11 год. работење на организацијата, АРКА има реализирано голем број проекти кои се однесуваат на човекови права и со тоа допре до животите на повеќе илјади луѓе. Сите овие проекти беа реализирани со љубезна поддршка од различни национални и меѓународни донатори. АРКА честопати работеше и сама но, истовремено има и долга историја на соработка со други бројни владини и невладини организации, поединци или групи како од регионот така и пошироко. Всушност,претседателот на АРКА беше инструмент,односно главна алатка во формирањето на мултиетничката мрежа во Кумановскиот регион.

Желбата на АРКА да им служи на сите граѓани со сите свои расположливи ресурси и капацитети е од самиот почеток. Тие капацитети подразбираат обезбедување секаков сервис за граѓаните внатре во рамките на организацијата и надвор од неа, на терен, меѓу граѓаните и нивните живеалишта. АРКА има реализирано бројни работилници, обуки и тренинзи низ цела Македонија токму со таа цел , обезбедување беспрекорна помош на сите граѓани.

**2.6 Сектори на делување:**

- Заштита на права , на бегалци и на раселени лица
- Обезбедување бесплатна правна помош
- Мониторинг на судски постапки и процедури
- Прибирање и давање информации
- Советување
- Истражување и лобирање
- Подобрување и развој на мултиетнички врски
- Развој на мали и средни бизниси во Македонија
- Стимулирање и финансирање иницијативи за заштита на човекови права
- Правна и финансиска помош во постапка за вадење лична документација на Роми
- Помагање во пристап на граѓани до демократски институции

## III Програма на АРКА за 2010 година

### 3.1. Програмски Активности

Во согласност со стратешките организациски определби, водени од потребата за дефинирање на програмските активности на еднодневната работилница се усвои годишната програма на АРКА за 2010 год. Оваа програма во себе ги вклучува :

- Предлог Програмски цели/подцели на АРКА
- Предлог Активности
- Активности за односи со јавноста и комуникација
- Организациски развој
- Развој на човечки ресурси

**Стратешка цел 1**

Да се развие партнерство и поддршка од Владините институции, посебно од Локалната самоуправа, Бизнис секторот како и од меѓународните организации за човекови права

**Програмска активност 1**

АРКА, во тек на претходно имплементирани проекти има воспоставено партнерство и поддршка од:

a) бројни Владини институции : Сектор за Евро-Интеграции, МВР, Постојана анкетна комисија за човекови права и слободи; Министерство за Локална самоуправа Министерство за труд и соц. Политика и др. Со проекти: Проект за поддршка на човекови права, Твоите права во полициска постапка, Бесплатна правна помош на бегалци и лица без државјанства, Развој на НВОи во процес на

Евроинтергации , Пристап на граѓаните до демократските институции и др.

б) Со Локална самоуправа (Општина Куманово, Општина Кр.Паланка и Општина Старо Нагоричани и др. на проекти: Твоите права во полициска постапка, Регистрирање и лична документација на Ромите, Пристап до демократските институции на Ромите и др;

в) Со Бизнис сектор АРКА нема воспоставено соработка во претходниот период .Во 2010 год.АРКА ќе настојува да ја оддржи и зајакне веќевоспоставената соработка со горенаведените институции и во рамки на програмските активности ќе развие нови релации со Бизнис секторот на локално и национално ниво.

**Стратешка цел 2**

Да се обезбедат активности за постојано јакнење и подобрување на организациски и персонални капацитети на АРКА.

**Програмска активност 2:**

Во досегашниот период АРКА постојано (преку имплементација на своите проектни активности) ги јакнеше своите организациски и персонални капацитети преку:

- Тимска работа
- Активности на терен
- Работа во групи
- Активно учество на бројни работилници, едукативни семинари, обуки/тренинзи од област на човекови права,
- Организирање кампањи, прес конференции, медиумски презентации и сл
- Размена на искуства, стекнати знаења/вештини
- Истражувања.

Во 2010 год. АРКА ќе настојува да ги оддржи истите методи и начини на импементирање на проектните активности и да ги зајакне организациските и персоналните капацитети преку

- градење нова Структура на организацијата
- редовна посетеност на обуки и семинари
- размена на стекнати знаења и искуства од различни обуки
- следење електронски и пишани медиуми
- истражувања.

**Стратешка цел 3**

Да се овозможат адекватни механизми за оддржлив развој преку развиен систем на набљудување и оцена на постоечки и нови програми и услуги на АРКА.

**Програмска активност 3**

Врз база на претходно искуство АРКА има воспоставено механизам за одржлив развој на неколку свои проекти. Во последните 3 години АРКА отпочна да креира систем на постојано следење на сите активности во рамки на проектите (преку развој на дата-бази) и воспостави неколку нови методи и техники при евалуирањето на проектните резултати.(анкетирање,пополнување прашалници на

терен меѓу целната група на проектите, интервјуа со корисниците, ...).Од 2006 год.оценка за менаџирање со  проектите на АРКА даваат неколку ревизорски куќи. Истиот тренд на активности ќе продолжи и во 2010 год. кога се планира да се изгради систем за внатрешна и надворешна евалуација на работењето на организацијата и на начинот на извршување на активностите на персоналот на АРКА. Имено, АРКА во рамки на своите програмски активности за 2010 год.планира да се преструктуира и да формира надворешен советодавен борд кој ќе ја мониторира и оценува работата на организацијата . Паралелно со таа активност АРКА планира да воспостави систем на следење и евалуирање на сите проекти поединечно како и да дава оценка за улогата и активностите на персоналот вклучен во тие проекти. Овој Борд  ќе функционира како надворешно, независно тело на организацијата.Оценка за работењето на организацијата и капацитетот на персоналот ќе дава на секои шест месеци.

## 3.2 Поголеми постигнувања на АРКА во изминатиот период

1. Во последните три (4) години АРКА реализираше повеќе програмски активности. Кус опис на Програмските активности на АРКА е даден во продолжение (види  таб.1)

| Проект | Активност | Донатор |
|---|---|---|
| **2005** | | |
| Твоите права во полициска постапка | Национална информативна јавна кампања и обуки низ Македонија за твоите права во полициска постапка | ОБСЕ |
| Правна заштита на бегалци и лица без државјанство | Обезбедување бесплатна правна помош за добивање државјанство | УНХЦР |
| Мултиетничка работилница за легализирање на мали бизниси | Одржување мултиетнички информативни работилници во 5 општини  низ Македонија за легализација на мали бизниси. | ЕЦМП |
| Проект за Поддршка на човекови права | Бесплатна правна помош за наводни жртви на полициска злоупотреба | ОБСЕ |
| Државјанство за Роми според чл.14 | Правна и финансиска поддршка за Роми во постапка за добивање државјанство  според чл.14-партнер организација. | (АБА/ЦЕЕЛИ) |
| Лица без државјанство | Административна поддршка за стекнување со државјанство за  Роми (освен по чл.14 ) | Норвешка Амбасада |
| **2006** | | |
| Проект за поддршка на човековите права-мониторинг и следење на судски постапки и бесплатна правна помош за наводни жртви на полициска злоупотреба. | Мониторинг и следење на судски постапки и обезбедување бесплатна правна помош за навони жртви во полициска злоупотреба | ОБСЕ |

| | | |
|---|---|---|
| Бесплатна правна канцеларија за заштита на бегалци, баратели на азил и лица без државјанство | Поддршка и документирање на бегалци и азиланти преку обезбедување бесплатна правна помош во канеларијата на АРКА. | УНХЦР |
| Граѓански советодавен центар | Слободен пристап до јавни информации | СОРОС Фондација |
| Проект за Регистрација и лична документација на Роми | Правна и финансиска поддршка во постапката за стекнување лична документација на Ромите од Куманово и Кр.Паланка | Шветски Хелсиншки Комитет |
| Улога на НВОи во процесс на Евроинтеграции на Македонија. | Едукативен семинар за важноста и улогата на Ромските НВОи од Македонија во процес на Евроинтеграции. | Секретаријат за Европски прашања |
| Проект за државјанство на Роми | Обезбедување бесплатна правна и финансиска помош во стекнување со македонско државјанство според чл.14 од законот. . | ШХК |
| **2007** | | |
| Проект за поддршка на човекови права | Мониторинг и бесплатен правен совет за наводни жртви на полициска злоупотреба | ОБСЕ |
| Бесплатна правна помош за бегалци и лица без државјанство | Бесплатна правна помош за бегалци и лица без државјанство во постапка за стекнување со државјанство по чл 14 | УНХЦР |
| Проект за регистрација и лична документација на Роми | Бесплатна правна, финансиска и административна помош во добивање лична докумантација за Роми од Куманово и Кр.Паланка | ШХК |
| Проект за регистрација и лична документација на Роми-Скопје | Бесплатна правна, финансиска И административна помош во добивање лична докумантација за Ромите од Скопје | ИТЗ |
| Работилница за стратешко планирање на АРКА | Работилница за сизработка на стратешки план на АРКА за период 2008-2010 год. | ЦИРа |
| Пристап на Роми до демократските институции | Бесплатна правна и социјална помош за 40 Ромски семејства од Куманово и Кр.Паланка во пристапување до демокатските институции и остварување на нивните основни човекови права и слободи | Европска комисија |
| **2008** | | |
| 1.Проект за подршка на човекови права | Набљудување и присуство на судски процедури и бесплатна правна помош занаводно жрти на полициска злоупотреба | СОРОС |
| 2.Регистрација на Ромите и документација | Правна и финансиска подршка за обебедување на лична документација на Ромите од Куманово | ШХК |
| 3.Регистрација на Ромите и проект за лична документација- | Правна и финансиска помош за обезбедување на лична документација на Ромите од Скопје | ИТЗ |

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | | |
| 4.Пристап на Ромите во демократски институции, пилот проекти | Проект истражување | Европска комисија |

### 3.3 Области на делување на АРКА

По детален преглед на проектите и активностите на АРКА во последните три (3) години, може да се издвојат 4 главни програмски цели/активности на кои активно работи организацијата

Тие се:

- Обезбедување бесплатна правна помош
- Едукација на граѓани и НВОи за човекови права
- Следење на имплементација на човекови права
- Активности за јакнење на капацитети

### 3.4 Предлог Програмски Цели (за 2010)

Програмска цел 1 **: Обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните**

Подцели:

1 Да се склучат договори за дело со правници за застапување на странки (социјални случаи, самохрани мајки и инвалидни лица)пред судови, управни органи и социјални органи.
2. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица опфатени со реадмисија.
3. Да се обезбеди бесплатна правна помош преку совети и комплетирање на документација потребна за регистрирање фирми.
4. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица на кои им недостасува лична документација
5. Составување и поднесување на поднесоци
6. .Плаќање за вадење документи
7. Придружување на странки и укажување на непосредна правна помош пред надлежни институции
8. Прием и евидентирање на лица без лични документи
9. Комплетирање на потребни документи
10. Идентификување на проблем ,давање правен совет и евидентирање во Дата База

| **Активност** | **Приоритет** | **Период** | **Потребни ресурси** | **Од каде финанси и** | **Колку** | **%** | **Индикат ори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се склучи договор за | Висок | 01.02.10-01.03.10 | Човечки Ресурси | АРКА | | | Потпиша ни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дело со избрани правници | | | | | | | договори за дело |
| 2.Прием и евидентирање на лица опфатени со реадмисија | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Просторија Човечки и Технички ресурси | Е.У.или Амбасада | - | | Број на лица опфатени со реадмисиј а |
| 3.Прием и евидентирање на лица заинтересиран и за отворање фирми | Среден | 01.06.10-31.12.10 | Просторија Човечки и Технички ресурси | Британска амбасада | - | | Записник од евиденти рани лица |
| 4.Комплетирањ е на потребна документација | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Просторија Човечки Правник и Технички ресурси | АРКА | **95.000** | | Пополнет и фолдери за секој случај поединеч но, нар.изве штаи од проекти |
| 5.Составување и поднесување на поднесоци | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Просторија Човечки и Технички ресурси | АРКА | | | Поднесен и пишани документ и |
| 6.Плаќање за вадење документи | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Финансии Правник Пр.Асист. | ШХК, | **420.000**<br>**216.000** | 100% | Платени уплатниц и за вадење потребни документ и за странки |
| 7.Придружувањ е на странки и укажување на непосредна правна помош пред надлежни институции | Среден | 01.01.10-31.12.10 | Човечки ресурси Теренски работници | ШХК, БТД | **1.224.000** | 100% | Остварен и контакти со институц ии, резултат и од пр.актив ности |
| 8.Прием и евидентирање на лица без лични документи | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Пари Просторија Човекови ресурси | ШХК, БТД | **320000** | 100% | Пополнет а документ ација во правна канцелар ија на АРК**А** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.Комплетирањ е на потребни документи | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Технички ресурси | АРКА | **-** | | Пополнета документација во правна канцеларија на АРК**А** |
| 10.Идентификување на проблем ,давање правен совет и евидентирање во Дата База | Висок | 01.01.10-31.12.10 | Човечки Ресурси Координатор Канцеларија | ШХК | **144.000** | 100% | Дата-база |
| **Вкупно:** | | | | | **2.419.000** | | |

Програмска цел 2: **Едукација на граѓани и НВО за човекови права**

**Подцели:**

1. Организаирање на јавни настани за подигнување на свеста на граѓаните за учество во креирање на локални политики
2. Развивање на систем на стандарси и процедури за почитување на човекови права
3. Трибина,,Меѓуетничка толеранција
4. Формирање Коалиција за меѓуетничка соработка

| Активност | Приоритет | Период | Потребни ресурси | Од каде финансии | Колку | % | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Организаирање на јавни настани за подигнување на свеста на граѓаните за учество во креирање на локални политики | висок | од 05.04.10 до 08.04.10 | - Човечки ресурси од Локална Самоуправа<br>- Институции на државата<br>- НВО-и<br>- Технички ресурси<br>- Медиуми | - Локална самоуправа<br>- и др.донатори | **50.000** | 100% | зголемена свест кај граѓаните |
| 2. Развивање на систем на стандарси и процедури за почитување на човекови права | среден | од 01.01.10 до 31.12.10 | - Човечки ресурси<br>- Простории<br>- Технички ресурси | - Европска комисија<br>- Влада на Р.М<br>- Шведски Хелсиншки комитет | **3.000** | 100% | - Креирани стандарди и процедури за Човекови права |
| 3.Трибина,,Меѓуетничка толеранција,, | висок | 08.08.10 | - Човечки ресурси<br>- Простории<br>- Технички ресурси | - АРКА<br>- Локална самоуправа | **5.000** | 100% | -листа на присатни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.Формирање Коалиција за меѓуетничка соработка | | 01.10.10 | - Човечки ресурси - Простории - Технички ресурси | - Арка - НВО од различни заедници | **10.000** | 100% | Меморандум за соработка |
| ВКУПНО: | | | | | **23.000** | | |

Програмска цел 3: **Следење на имплементација на човековите права**

**Подцели:**

1.Подготвување на формулар за граѓанска и кривична постапка
2.Мониторинг и запишување на заклучоци
3. Мониторинг на Локална самоуправа
4. Пишување и поднесување претставка до релевантни институции
5. Директни
Контакти со корисниците и институциите
6. Развој на прашалници пред и пост евалуација
7.Интервјуирање
8. Директна средба
со корисниците со примена на метод,,од,, врата на врата,,

| **Активност** | **Приоритет** | **Период** | **Потребни ресурси** | **Од каде финансирање** | **Колку** | **% на извесност** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Подготвување на формулар за граѓанска и кривична постапка | среден | 01.01.2010-31.12.2010 | човечки ресурси Финансии | Арка | **-** | | Пополнети формулари за граѓ.и кривична постапка |
| 2.Мониторинг и запишување на заклучоци | висок | 01.01.2010-31.12.2008 | човечки ресурси Финансии Формулари за записници | БТД | **144.000** | | Записници |
| 3. Мониторинг на Локална самоуправа | висок | 01.01.2010 31.12.2010 | човечки ресурси Техничка опрема Искуство Финансии | Европска Комисија | **30.000** | | Извештаи |
| 4. Пишување и поднесување претставка | висок | 01.01.2010-31.12.2010 | Искусен правен персонал Материјал | СОРОС | - | | Напишани и поднесени претставки до СВКПС и Нар.Правобранител |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| до релевантни институции | | | и | | | | |
| 5. Директни Контакти со корисниците и институциите | висок | 01.01.2010-31.12.2010 | човечки ресурси Искуство Финансии | СОРОС Европска Комисија | - | | Полугодишни/финални нар.извештаи за проекти, фотографии, ,записници,публикации, веб-страна на АРКА |
| 6. Развој на прашалници пред и пост евалуација | висок | Јануари2010 и Декември 2010 | Материјали човечки ресурси | АРКА | - | | Пополнети прашалници, објавени евалуации на АРКА |
| 7.Интервјуирање | среден | Дек.2010 | материјали човечки ресурси Финансии | СОРОС Европска Комисија | - | | Извршени интервјуа, записници |
| 8. Директна средба со корисниците со примена на метод,,од,, врата на врата,, | висок | Јан-дек2010 | човечки ресурси | Европска Комисија | - | | Фотографии, извештаи од проекти, брошури на АРКА |
| ВКУПНО: | | | | | **174.000** | | |

Програмска цел 4 **:Активности за јакнење на капацитети**
Изработка на стратешки документи

| Активности | Настани | Одговорно лице | Период на реализација | Потребни финансии |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешки План** | Работилница за изработка на стратешки план | 1.Феат Камберовски | 01.04.2010 до 03.04.2010 | **274.000** |
| **Годишен План и Годишен Извештај** | Работилница за изработка на годишен план изврестај | 1.Претседателство на АРКА | 01.10.2010 | **274.000** |
| **Вкупно:** | | | | **548.000** |

**Потребни директни трошоци:**

| | Единица | Цена по единица | Количество | Опис Вкупно |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Плати** | | | | |
| Извршен Директор (ИД) | Месец | 30.000,00 | 12 | 360.000,00 |
| Програмски координатор (ПК) Бесплатна правна помош | Месец | 25.000,00 | 12 | 300.000,00 |
| Програмски координатор (ПК) Едукација на граѓани | Месец | 25.000,00 | 12 | 300.000,00 |
| Програмски координатор (ПК) Мониторинг на имплементација на | Месец | 25.000,00 | 12 | 300.000,00 |
| Финансиски Директор(ФД) | Месец | 20.000,00 | 12 | 240.000,00 |
| **ВКУПНО:** | | | | **1,500.000,00** |
| | | | | |

## Оперативни трошоци:

| **Оперативни трошоци** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Канцелариски материјал | | 6.000,00 | 12 | 72.000,00 |
| Комуникации (телефон, мобилен телефон, интернет) | Единица | 8.000,00 | 12 | 96.000,00 |
| Патни трошоци (гориво, патарина, такси, автобус итн.) | | 20.000,00 | 12 | 240.000,00 |
| Одржување на возилата (осигурување, поправки итн.) | | | | 0,00 |
| Надомест за услуги (сметководител, правни совети итн.) | | | | 0,00 |
| Комуналии (електрична енергија, вода, парно итн.) | | 8.000,00 | 12 | 96.000,00 |
| Поштарина | | 2.000,00 | 12 | 24.000,00 |
| Печатење и фотокопирање | | | | 0,00 |
| Банкарски провизии | | 1.000,00 | 12 | 12.000,00 |
| Реклами и објави | | | | 0,00 |
| Обезбедување | | | | 0,00 |
| Одржување и осигурување на опрема и мебел | | 3.000,00 | 12 | 36.000,00 |
| Членарини и претплати | | | | 0,00 |
| Ревизија | | 217.000,00 | 1 | 217.000,00 |
| Годишни извештаи (подготовка, печатење и објавување) | | 200,00 | 200 | 40.000,00 |
| Колегиуми и состаноци на управен одбор | | 15.000,00 | 6 | 90.000,00 |
| Набавка на книги, прирачници, изданија | | | | 0,00 |
| набавка на возило | | 620,000,00 | 1 | 620,000,00 |
| **ВКУПНО:** | | | | **1.543.000,00** |

## 3.6. Организациски развој на АРКА

Ресурси и капацитети

Табеларниот приказ подолу ги содржи ресурсите на организацијата,висината на фондовите како и листата на активности (проекти) на организацијата:

| **Наслов на проектот** | **Краток опис на активности** | **Донатор** | **Буџет €** |
|---|---|---|---|
| **1999** | | | |
| Клуб за бегалци | Социјални активности за бегалците од Косово/Србија | Soros Фондација | 1,673 |
| Новогодишни пакетчиња | Дистрибуција на подароци за деца | Американски Комитет за Бегалци | 456 |
| Опремена канцеларија | Опрема/, Канцеларија за Ромски права | ЦРС | 1,658 |
| Вкупно | | | 3,787 |
| **2000** | | | |
| Социјална канцеларија за Роми | Извори и опрема/ социјален сервис за Роми | Македонски центар за меѓународна соработка | 4,878 |
| Семинар-Форум за права | Едукативен семинар за основни човекови права за сите етнички групи | Soros Фондација | 5,040 |
| Правна помош за бегалци | Правна и социјална помош за заштита на правата на бегалците | УНХЦР | 8,545 |
| Семинар-Национално зближување | Семинар за градење на мултиетничка соработка | МЦМС | 4,878 |
| Вкупно | | | 23,341 |
| **2001** | | | |
| Вадење документи за бегалци | Бесплатна правна помош во документирање и во добивање правен статус на бегалците | ИРЦ | 4,146 |
| Правна помош за бегалци | Бесплатна правна помош за бегалцитеFree legal help for refugees | УНХЦР | 18,243 |
| Развој на Веб-страна | Веб-страна на АРКАARKA web-site | МЦМС | 1,567 |
| Центар за компјутерска едукација | Компјутерска едукација за деца и возрасни , собирање на резултати и доделување дипломи за успешно завршена обука. | УСАИД | 10,780 |
| Бесплатна правна помош -за раселени лица од Куманово | Правна помош за загубени документи во регионалните конфликти | АРЦ | 5,970 |
| Вкупно | | | 40,706 |
| **2002** | | | |
| Правна канцеларија за бегалци и раселени лица | Бесплатна правна помош за сите бегалци и раселени од Македонија | УНХЦР | 21,560 |
| Бесплатна правна помош за внатрешно раселени лица од Кумановско-Липковски регион | Поддршка во обезбедување документација и бесплатна правна помош | ИРЦ | 24,878 |
| Компјутерски центар | Компјутерски вештини за млади Роми за нивно вработување со диплома | УСАИД | 8,292 |
| Мултиетнички центар | НВО како ресурсен центар за подобрување на мултиетничка врска | ЕЦМИ Центар | 22,390 |
| Пилот-проект за Мултиетничко радио | Емитување на мултиетничка радио програма | ЕЦМИ | 2,487 |
| Кампања-Без оружје мир за сите | Собирање оружје по вооружениот конфликт во регионот | ЕЦМИ | 5,000 |
| Вкупно | | | 84,607 |
| **2003** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Канцеларија за бесплатна правна помош | Заштита на правата на бегалците, раселените лица и баратели на азил | УНХЦР | 20,000 |
| Бесплатна правна помош за бегалци од Кумановско-Липковски регион | Поддршка во обезбедување документација и бесплатна правна помош | ИРЦ | 24,878 |
| Мултиетнички центар | Мултиетнички НВО ресурсен центар за зајакнување на односите меѓу заедниците | ЕЦМИ | 10,000 |
| Твоите права во полициска постапка | Кампањи и тренинзи за национално јавно информирање | ОБСЕ | 20,000 |
| Центри за Ромска историја, култура и права | Милтиетнички центри во Источна Македонија , конференции и семинари | АРЦ | 10,000 |
| Вкупно | | | 84.878 |
| **2004** | | | |
| Твоите права во полициска постапка | Кампањи и тренинзи за национално јавно информирање | ОБСЕ | 12,000 |
| Правна заштита за бегалци и лица без државјанства | Бесплатна правна помош | УНХЦР | 20,000 |
| Мултиетничка работилница за легализирање на мали бизниси | Мултиетнички работилници / тренинзи во 5 општини во Македонија | ЕЦМИ | 5,000 |
| Проект за поддршка на човекови права | Бесплатна правна помош за наводни жртви во полициска злоупотреба | ОБСЕ | 10,000 |
| Вкупно | | | 47,000 |
| **2005** | | | |
| Твоите права во полициска постапка | Кампањи и тренинзи за национално јавно информирање | ОБСЕ | 5,000 |
| Правна заштита за бегалци и лица без државјанства | Бесплатна правна помош | УНХЦР | 12,000 |
| Мултиетничка работилница за легализирање на мали бизниси | Мултиетнички тренинзи и работилници во 5 општини во Македонија | ЕКМИ | 5,000 |
| Проект за поддршка на човекови права | Бесплатна правна помош за наводни жртви во полициска злоупотреба | ОБСЕ | 12,000 |
| Државјанства за Роми (по член 14) | Правна и финансиска поддршка за добивање државјанство за Роми по член 14-партнер организација | АБА/ЦЕЕЛИ | 37,317 |
| Лица без државјанства | Административна поддршка за Роми во вадење државјанства(освен по чл.14) | Норвешка Амбасада | 15,000 |
| Вкупно | | | 86,317 |
| **2006** | | | |
| 1.Проект за подршка на човекови праваЂ Набљудување и присуство на судски испитувања и бесплатна правна помош за наводни жртви на полициска злоупотреба | Набљудуање и присуство на судски процедури и бесплатна правна помош на наводни жртви на полициска злоупотреба | ОБСЕ | 12,000 |
| 2.Бесплатна правна помош за заштита на бегалците, лицата кои бараат азил и луѓе без државјанство | Подршка во снабдувањето на документација и бесплатна правна помош | УНХЦР | 12,000 |
| 3. Советодавен центар за граѓанитеЂресурсни и услуги за упатувањевБесплатен пристап до информации од јавен карактерг | Бесплатен пристап до јавни информации | СОРОС фондација | 2,000 |
| 4. Регистрација на ромите и проект за лична докуметација | Правна и фнансиска подршка во третманот за обезбедување на лична документација за Ромите од Куманово | ШХЦ | 31,342 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Улогата на НВО во Еуро-интегративниот процес во Мкедонија | Едукатиивен семинар за важноста и уогата на Ромските невладини организации низ Македонија во процесот на Евро Интеграција | Секретаријат за европски прашања | 1000 |
| 6.Проект за државјанство на Ромите | Оезбедување на правна и финансиска подршка во стекнување на македонско државјнство според Член 14 од законот. | Шведско-хелсиншки Комитет | 16,870 |
| **Вкупно** | | | **75,212** |
| **2007** | | | |
| 1.Бесплатна правна канцеларија за заштита на бегалците, лица кои бараат азил и лица без државјанство | Подршка во снабдување на документација и бесплатна правна помош | УНХЦР | 12,000 |
| 2.Проект за подршка на човекови права | Набљудување и присуство на судски процедури и бесплатна правна помош на наводни жртви на полициска злоупотреба | СОРОС | 11.112, |
| 3.Регистрација на ромите и докуметација | Правна и финансиска подршка во третманот за обезбедување на лична докуметација за Ромите во Куманово | ШХК | 40.629 |
| 4.Регистрација на Ромите и проект за лична документација- Скопје | Правна и финансиска подршка за обезбедување на лична документација за Ромите од Скопје | ИТЗ | 47.000 |
| 5.Пристап на Ромите во демократски институции, пилот проекти | Проект истражување | Европска Комисија | 42.000 |
| **Вкупно** | | | **140.753** |
| **2008** | | | |
| 1.Проект за подршка на човекови права | Набљудување и присуство на судски процедури и бесплатна правна помош занаводно жрти на полициска злоупотреба | СОРОС | 11,112 |
| 2.Регистрација на Ромите и документација | Правна и финансиска подршка за обебедување на лична документација на Ромите од Куманово | ШХК | 42.000 |
| 3.Регистрација на Ромите и проект за лична документација-Скопје | Правна и финансиска помош за обезбедување на лична документација на Ромите од Скопје | ИТЗ | 14.160 |
| 4.Пристап на Ромите во демократски институции, пилот проекти | Проект истражување | Европска комисија | 31.212 |
| **Вкупно** | | | **98.484** |
| **Вкупно** | | | **685.085 €** |

## 3.5 Развој на човековите Ресурси

**Раководна структура на организацијата**

а) Членовите на Собранието на организацијата имаат одговорна улога за спроведување Статутот и Програмата како и планирањата и имплементацијата на сите организациски активости.
Во моментот, АРКА брои 50 члена.Членството е отворено за секого. Одговорноста за управување со организацијата е на Управен Одбор на организацијата кој брои 5 члена . Извршен одбор кој брои 4 члена, Извршен Директор и Програмски Координатори.Организацијата има назначено трочлена надворешна , набљудувачка комисија; нивното назначување е за период од 4 години.

б) Главната канцеларија на АРКА е сместена во Куманово (Македонија).Во Скопската населба Топана активно работи правната канцеларија на АРКА која се отвори во  април 2007 год.како потреба за успешна реализација на проектот за документација на Ромите од Скопје.Доколку се појави потреба,  АРКА функционира и преку своите ограноци во Крива Паланка  и Кратово.

в) АРКА функционира со 5 члена во Управен Одбор (3 мажи и 2 жени) и персонал од 15 вработени лица  со полно работно време , од кои  6  се мажи и 9 се жени. Со национална припадност од три заедници, Ромска,Македонска и Српска.
Одговорности им се следниве:

- Извршен Директор: Одговорен за сите административни, правни и фискални активности на организацијата, вклучувајќи  реализација на програмски активности, буџетирање, управување со грантови и известување.

- Програм Координатори: Одговорни за планирање проекти, нивно имплементирање и координирање.
- Финансиски Директор: Одговорен за сите финансии и нивно раководење.

- Сметководител: Одговорен за сите тековни финансиски трансакции и фин.извештаи.

- Правник (3 лица): Одговорни за сите правни активности (документација, регистрација, полициска постапка, судски мониторинг  и др.правни прашања.

- Преведувач: Одговорен за сите писмени и усни преводи во организацијата.

- Седум (7) теренски работници одговорни за извршување на активностите на терен, надвор од канцелариите на АРКА меѓу корисниците на проектните услуги кои дејствуваат преку примена на методот од врата на врата и остваруваат директни среби со целните групи.

г)АРКА е организација формирана со цврсто заснована идеја. Има ангажирано персонал со различна старосна и образовна структура и со различни искуства. Седум  од петнаесет лица имаат диплома со високо образование. Петмина од нив се дипл.правници, 1 со диплома од образование и еден дипл.социолог. Еден претставник од Бордот има диплома со вишо образование од областа на економијата.

Управен Борд  има комбинирано искуство во  делувањето на поле на човекови права. Програм Коодинатори  имаат работено на различни проекти од областа на човековите права низ овој долг период од 11 год. преку менаџирање со проекти како од локален така и од национален карактер.Тие веќе ги  имаат докажано своите можности и способности во водење и управување со повеќе проекти преку ефективно работење со сите етнички групи. Членовите на Бордот на АРКА зборуваат двојазично-ромски и македонски и активно го изучуваат англискиот јазик.

## IV. БУЏЕТ

**. Финансиски преглед за 2010**

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИ ТРОШОЦИ

| | **Назив** | **Износ** |
|---|---|---|
| **1.** | **Обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните** | 2.419.000 |
| **2.** | **Едукација на граѓани и НВО за човекови права** | 23.000.00 |
| **3.** | **Следење на имплементација на човековите права** | 174.000.00 |
| **4.** | **Активности за јакнење на капацитети** | 548.000.00 |
| **5.** | **Потребни директни трошоци** | 1.500.000.00 |
| **6** | **Оперативни трошоци** | 1.543.000.00 |
| | **ВКУПНО:** | **6.207.000.00** |

За успешна имплементација на програмските активности на АРКА во 2010 год. се потребни 100.926 евра.Дел од нив се веќе обезбедени преку имплементирање на тековните проекти чија временска рамка се протега низ 2010год.АРКА сериозно и грижливо работи во настојувањата за обезбедување на потребни финансиски ресурси за реализација на своите програмски определби во 2010 година.

Куманово, 03.10.2009

Програмата ја подготви:
Феат Камберовски
Извршен Директор на ФПР,, АРКА,,